# З А П И С Н И К

од осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 20.05.2021 во 17:30 часот, во просториите на Агенцијата.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 6 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за осмиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2021 година;
3. Барање согласност за продолжување на договори за дело;
4. Барање за вработување на определено време;
5. Барање за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од седмиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, на прашање на Претседателот на Комисијата, Директорот ги образложи потребите за ова барање по што сите членови дадоа согласност.

Во однос на точка 4 исто така откако беше образложено од страна на Директорот се даде согласност за ова усогласување.

По однос на точка број 5 Директорот образложи дека станува збор за работни места кои не биле пополнети до сега и со оваа измена се планира да се излезе во пресрет на зголемениот обем на работа во секторите каде се прават измените, по што се даде согласност за ова барање.

Под точката Разно, немаше дискусија.

Седницата заврши во 18:15 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Дешира Имери, член ___________________________

Ервин Реџепагиќ, член ________________________